Географија VI одд

Тема: ВОЗДУШНА ОБВИВКА НА ЗЕМЈАТА (АТМОСФЕРА)
Наставна содржина: КЛИМАТСКИ ТИПОВИ

**Основни климатски типови**

- **Клима** или **поднебје** претставува повеќе годишен режим на времето над некое место или делови од Земјината површина.
- **Климатскиот тип** се определува врз основа на долгогодишни набљудувања, мерења и проучувања на метеоролошките елементи и појави.
- Врз основа на разместеноста на на топлинските појаси, климатските типови се поделени во три основни групи:
  1. климатски типови во жешкиот топлински појас
  2. климатски типови во двата умерени појаси
  3. климатски типови во двата студени појаси.

*Климатски типови во жешкиот топлински појас*

-Во зависност од количеството на врнежи и нивниот распоред во текот на годината се издвојуваат четири климатски типови: екваторска, тропска, пустинска и монсунска.

- Екваторската клима е застапена околу екваторот до $10^0$ северна и јужна географска широчина во Африка, Азија и Јужна Америка. Се одликува со големо количество врнежи (од 3.000 до 8.000 мм/м$^2$) и средногодишна температура од $25^0$C. Тука се присутни **прашумите** или **тропски дождовни шуми**.
- Тропската клима се простира северно и јужно од екваторскиот појас и се одликува со појава на подолг дождлив и краток сув период. Врнежи има од 1.500 до 2.000 мм/м$^2$. Тука се присутни површини со високи треви познати како **савани** во Африка и **љаноси** и **кампоси** во Јужна Америка.
- Пустинската клима се јавува околу повратниците и се одликува со мало количество на врнежи под 250 мм/м$^2$, големи темературни разлики во денот и ноќта и со сиромашен растителен и животински свет.
- Монсунската клима го добила своето име по периодичните летни врнежливи и зимски суви монсуни и се појавува во јужните и југоисточните делови на Азија.





## *Климатски типови во умерениот појас*

- Во овој климатски појас се издвојуваат четири климатски типови:

- Средоземно-морската или суптропска клима се јавува на просторот околу Средоземното Море и делови од Северна и Јужна Америка. Има суви жешки лета и благи врнежливи зими
- Атлантската влажна клима се јавува на островите во Атлантскиот Океан и брегот на западна Европа. Се одликува со поголемо количество врнежи преку целата година и благи зими и свежи лета.
- Континенталната клима се јавува во внатрешноста на континентите Азија, Европа и Северна Америка. Се одликува со студени зими и топли лета.
- Умерено-континенталната клима се карактеризира со добро изразени четири годишни времиња. Се јавува во внатрешноста кај пониските предели на сите континенти, освен на Антарктикот. На повисоките места со надморска висина над 2.500 м., се јавува планинска клима.





*<u>Климатски типови во студените топлински појаси</u>*

- Северно од поларните кругови се јавуваат два климатски типа: субполарната и поларната клима.
- Субполарната клима се одликува со долги и студени зими со големо количество снежни врнежи и релативно кратки и топли лета. Застапена е во Сибир (Русија) и северните делови на Канада и Аљаска. Тука е присутна вегетација позната како **тундра**.
- Во крајниот северен и јужен дел на Земјата , околу половите, се простира поларната клима. Поради многу ниските температури и постојаните снежни врнежи овој простор е покриен со лед и снег.